Бр./Nr 12-906/1
23-02-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1421/1 од 29.04.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето д-р ---------------- ---------------- Декан на Факултетот за --------------- ------------- при Универзитетот „--. -------------- -------------"- ----------, со наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување по јавен оглас објавен на 28.02.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред Основното јавно обвинителство ----------.

Предметот со број 12-1421/1 од 29.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 29.04.2025 година е доставена пријава против лицето д-р ------------- ---------------- Декан на Факултетот за ---------- ----------- при Универзитетот „--. ---- ---------- -------------"- ----------- во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување и оформен е предмет број 12-1421/1 од 29.04.2025 година. Во пријавата се укажува на сомневање за преземени незаконски дејствија од страна на пријавеното лице во однос на донесена одлука за спроведување на постапка за вработување на еден наставник во сите наставно научни звања ---------------, --------------- и ------------ -- -------- ----- --------------, по јавен оглас објавен на 28.02.2025 година. Дополнително, наведено е дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување до Државниот просветен инспекторат, Основно јавно обвинителство и Министерството за внатрешни работи.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до Државниот просветен инспекторат на РСМ, Основно јавно обвинителство и Министерството за внатрешни работи на РСМ за прибирање на податоци и информации, по однос на тоа дали и како е постапено по пријава со исти или слични наводи.
По барањето на ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на целокупната документација по предметот констатирано е следното:

Државниот просветен инспекторат на РСМ постапил за предметниот случај по доставена пријава и од страна на овластен просветен инспектор на 12.06.2025 година бил извршен вонреден инспекциски надзор на Факултетот за ----------- ------------ при Универзитетот „--. --------------- --------------“- ------------. При извршениот надзор била утврдена фактичка состојба и не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор. При надзорот било утврдено дека предметната постапка за вработување била реализирана согласно Законот за високо образование и согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор постапката е запрена.

Јавното обвинителство на РСМ извести дека за предметниот случај постапува Основно јавно обвинителство ----------, по поднесок од 13.06.2025 година и кое оформило предмет број --- ------------/---, а со цел преземање дејствија по истиот до СВР --------- издало Наредба за собирање потребни известувања заради преземање на дејствија за утврдување на фактичката состојба од аспект на постоење на кривично дело кое се гони по службена должност. Во Министерството за внатрешни работи - СВР ----------- се постапува за предметниот случај по Наредба за собирање потребни известувања издадена од ОЈО ---------.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека за случајот постапиле и презеле активности во рамките на своите законски надлежности други надлежни органи, а во тек е постапка пред Основното јавно обвинителство ---------.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk